# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 5 Мај 2022 година Скопје Бр.7 Год. XVII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за асфалтирање на улици во Општина Ѓорче Петров ......................................................стр.2


Мај 2022 година

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за асфалтирање на улици во Општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за асфалтирање на улици во Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Тринаесеттата седница на советот, одржана на ден 05.05.2022 година.**

**Број 09-974/1**
**од 05.05.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/09), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 13/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 13-тата седница одржана на ден 05.05.2022 година, ја донесе следната**

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за асфалтирање на улици во Општина Ѓорче Петров

### Член 1

**Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за уредување на начинот на финансирање и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес при реализација на проектот за асфалтирање на улици во Општина Ѓорче Петров, и тоа:**

**- во село Волково: ул. 83, ул. 100 десен крак (пред ул. 83), ул. 73, ул. 74 и ул. 78, ул. 80 – Пржина, ул. 81 (крак 1; 2 и 3 лево), ул. 81 (крак 4 десно);**

**- во населба Кисела Јабука: ул. 4, ул. 6, краци на улица 46 и 46а и ул. 68, ул. 10 (12), ул. 34;**

**- во населба Даме Груев: ул. „Антон Кецкаров" (кон касарна лево);**

**- во село Ново Село: улица пред школо (крак десно), улици пред школо (краци лево), краци на ул. 2 и 4;**

**- во населба Стопански Двор: ул. 52 (краци десно).**

### Член 2

**Проценетата вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука, изнесува 26.000.000,00 (дваесетишестмилиони) денари со вклучен ДДВ.**

**Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 25.000.000,00 (дваесетипетмилиони) денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.**

**Општина Ѓорче Петров во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 1.000.000,00 (еденмилион) денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, како и со изработка на техничка документација и решавање на можните имотно-правни односи.**

**Средствата од ставот 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука, согласно важечките прописи со кои се уредува изградбата и реконструкцијата на улици.**

**Член 3**

**За реализација на одлуката се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи договор со градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.**

**Член 4**

**Одлуката стапува на сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-918/3**
**Од 05.05.2022 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**